ОБЈАВА ЗА УЧЕНИЧКИОТ КОНКУРС ВО ДИГИТАЛНО ТВОРЕШТВО

на програмата „Идни лидери на интегритетот“

„Конкурсот Интегритетот е кул“

Цели и задачи

„Интегритетот е кул“ е ученички конкурс во дигитално творештво наменет за сите ученици од основни и средните училишта низ целата земја, јавни и приватни, со одобрение од Дирекцијата и здружението на наставници на секоја училишна единица. Конкурсот се реализира во рамките на европскиот проект Идни лидери на интегритетот, кофинансиран од Европската Унија преку програмата Еразмус+.

Главната цел е да се зголеми разбирањето и значењето на интегритетот во секојдневниот живот на учениците преку уметнички и креативен израз, но и да се поттикнат да сфатат дека тие самите, преку своите постапки и избори, можат позитивно да влијаат врз сопствената иднина и иднината на општеството. Натпреварот се реализира паралелно во Грција, Бугарија, Албанија и Северна Македонија, зајакнувајќи ја интеркултурната размена и заедничката рефлексија за вредноста на интегритетот. Индивидуалните цели вклучуваат:

- Да се рефлектира и охрабри учениците да изразат што значи „интегритет“ за нив.
- Да се поттикне креативното размислување, истражувачкиот дух и соработката.
- Да се поттикне слободниот, одговорен и критички израз на учениците.
- Да се обезбеди рамка преку која учениците ќе можат да користат современи дигитални медиуми со педагошка и образовна ориентација.

Кој може да учествува

- Ученици од основно и средно образование (13-17 години).
- Учеството е прифатливо само во групи (2-3 ученици по група).
- Со поддршка на најмалку еден наставник/наставничка од училишната единица.

Спецификации на дигиталните проекти

- **Формат:** анимација, скица, краток документарец, дигитално раскажување.
- **Времетраење:** 30 до 60 секунди.

- **Димензија**: Видео во вертикален формат која лесно го поддржува гледањето на мобилни уреди.
    - Сооднос 9:16 (ширина : висина) е стандарден за вертикално видео.
    - Вообичаени вертикални димензии: 1080 пиксели ширина наспроти 1920 пиксели висина
- **Задолжително:** Изјава за согласност за учество од родител/старател, согласно со важечката законска регулатива.

Во случај на користење материјали од трети страни (музика, слики, текстови), задолжително е наведување на изворите и почитување на авторските права.

Теми

Ситуации од секојдневниот живот кои ја истакнуваат вредноста на интегритетот, со акцент на појави кои учениците треба да ги препознаат, одбијат и одговорно да се справат со нив, како што се:

- Малтретирање (bullying) (вербално или физичко насилство меѓу ученици)
- Препишување, мамење или плагијат во задачи и тестови
- Непримерно однесување на наставници кон ученици (навредување, малтретирање)
- Непримерно однесување на ученици кон наставници (непочитување, закани)
- Акти на вандализам во училишната средина
- Дискриминација врз основа на сексуална ориентација, инвалидитет или тешкотии во учењето
- Мали кражби и прикривање предмети
- Сексистички коментари или дискриминација врз основа на пол
- Сексуално вознемирување (вербално или физичко)
- Обид за манипулација со резултат на училишни избори за награда
- Социјална или економска дискриминација меѓу соучници

Учениците можат да црпат инспирација од сопствени искуства или набљудувања и креативно да прикажат како чесниот, фер и одговорен однос може да донесе позитивни промени и на краток и на долг рок.

Процес на учество

1. Поднесување на Пријава за учество до 20/10/2025 на веб-страната на конкурсот: www.integrityis.cool.
2. Поднесување на дигиталните дела до 20/10/2025.
3. Учеството подразбира целосно прифаќање на условите на овој повик.

Евалуација и награди

Пријавите ќе бидат оценети од пет члена комисија врз основа на педагошки и креативни критериуми.

Ќе бидат доделени награди:

- **2 награди од комисијата (победниците ќе бидат избрани од комисијата)**
- **Награда од публиката (преку дигитално гласање)**

Победничките проекти ќе бидат претставени во активности за дисеминација (конференции, семинари, образовни проекции, социјални мрежи) и ќе бидат вклучени во материјали поврзани со интегритетот во образованието.

Награди

- Три победнички тимови во секоја држава ќе добијат награди.
- Секој ученик од 3-те победнички тимови од Северна Македонија ќе добие акциона камера за понатамошно развивање на своите вештини во креирање образовна и општествена содржина.
- Победниците ќе бидат поканети да учествуваат на завршната конференција на проектот „Идни лидери на интегритетот“ во Солун, Грција, каде ќе се одржи и церемонијата на доделување награди.

Поддршка – Контакт

За информации и појаснувања:

- Емајл: integrityiscool.gr@gmail.com и info@eunoia.mk
- Веб-страна: www.integrityis.cool
- Нашите страни на социјалните мрежи.

